# Прашања за полагање на интерен дел од државна матура по предметот **биологија**

**1.** Со што се прикачува хромозомот за делбеното вретено?

**2.** Наведи три абиотички еколошки фактори:

**3.** Како се нарекува темната фаза на фотосинтезата ?

**4.** Поврзи ги генските кодови со кодоните во кои тие се транскрибираат:

| **ГЕНСКИ КОД** | **КОДОНИ** | **БРОЈ / БУКВА** |
|---|---|---|
| 1 – GAC | А – AUG | **1 –** |
| 2 – TGG | Б – CUG | **2 -** |
| 3 – TAC | В – ACC | **3 -** |

**5.** Постојаната размена на материја и енергија во организмот е познато како:

**6.** Како се нарекува транспортот на материи со протеински носач без трошење на енергија?

**7.** Кои хормони се излачуваат од медулата на надбубрежните жлезди?

**8.** Поврзи го животинското ткиво со соодветната функција:

| **ТКИВО** | **ФУНКЦИЈА** | **БРОЈ / БУКВА** |
|---|---|---|
| 1. сврзно | А – овозможува движење на телото и целиот организам | 1 - |
| 2. мускулно | Б – поврзува клетки и ткива | 2 - |
| 3. нервно | В – регулира внатрешна хомосте | 3 - |

**9.** Поврзи ги типовите имунитет со начинот на кој е стекнат секој од нив:

| ТИП НА СТЕКНАТ ИМУНИТЕТ | СТЕКНУВАЊЕ | БРОЈ / БУКВА |
|---|---|---|
| 1. природно стекнат пасивен имунитет | А – со внесување на готови антитела преку крвни препарати | 1 - |
| 2. природно стекнат активен имунитет | Б – преку вакцина | 2 - |
| 3. вештачки стекнат активен имунитет | В – во прележана болест | 3 - |
| 4. вештачки стекнат пасивен имунитет | Г – со внесување на готови антитела преку плацента | 4 - |

**10.** Која азотна база е комплементарна на АДЕНИН (А) кога се врши транскрипција на азотните бази од ДНА во РНА?

**11.** Кариотипот претставува______________________________________________, кај човекот кариотипот е составен од __ хромозоми**.**

**12.** Во екосистемот се среќаваат три типа на односи меѓу неговите делови, и тоа:

**13.** Кои азотни бази во молекулата на ДНА се поврзуваат со тројна водородна врска?

**14.** Кој хормон се излачува од лангерхансовите островца во панкреасот?

**15.** Поврзи ја активноста на клетката со соодветниот транспорт низ клеточната мембрана:

| Активност на клетката | Вид на транспорт | Број и буква |
|---|---|---|
| 1. Амеба и парамециум се исхрануваат по пат на | А – Активен транспорт | 1 – |
| 2. Ресичките во тенкото црево ги ресорбираат хранливите материи по пат на | Б – фагоцитоза | 2 – |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Жлездестиот дел на носната празнина секретира секрет за навлажнување на возудот со помош на | В – егоцитоза | 3 – |

**16.** Какви се по боја миелинските нерви влакна?

**17.** Дали капсомерот е карактеристичен за вирусите?

**18.** Како се нарекуваат алелите кои ги определуваат крвните групи?

**19.** Напиши ги во правилен редослед системските категории почнувајќи од највисока кон најниска категорија: **класа, вид, фамилија, царство, ред, род.**

**20.** Синапсата е**:**

**21.** Од каде се излачува и која е функцијата на хормонот вазопресин?

**22.** Местата каде што настанува кросинг-овер се познати како:

**23.** Како се нарекува транспортот на материи низ клеточната мембрана ако за истиот е потребна енергија?

**24.** Групата на редуценти во природата ја сочинуваат:

**25.** Биосинтезата на протеините во клетката се врши во:

**26.** За која органела станува збор? Кои состанови делови се означени?



**27.** Кој дигестивен ензим не делува во базна средина? **Трипсин, амилаза, пепсин или птијалин?**

**28.** Како се означува предупредувачката обоеност кај животните која се јавува како заштитен механизам:

**29.** Која органела се појавува во гранулирана и агранулирана форма?

**30.** Како се нарекува процесот кога во клетката се внесуваат големи молекули или ситни организми преку клеточната мембрана?

**31.** Основна структурна единица на нуклеинските киселини претставува:

Напиши ги неговите составни делови**:**

**32.** Внатрешноста на митохондриите е исполнета со ________ чиј континуитет го прекинува внатрешната мембрана создавајќи ______________ наречени ________.

**33.** Поврзи ја генетската мутација со симптомите на болеста:

| **Генетска мутација** | **Сиптоми на болест** | **Број и буква** |
|---|---|---|
| 1. Далтонизам | А – нема пигмент | 1 – |
| 2. Хемофилија | Б – слепило за бои | 2 – |
| 3. Албинизам | В – нема коагулација на крвта | 3 – |

**34.** Кои пиримидински бази меѓу себе се заменуваат во DNA и RNA?

а) урацил и тимин  или  б) аденин и урацил

**35.** Центарот за регулација на крвниот притисок е сместен во (кој мозок)?

**36.** Поврзи ги органските материи со соодветните продукти кои се добиваат при дигестија на храната под дејство на ензими:

| **Органски материи** | **Продукти** | **Број и буква** |
|---|---|---|
| 1. протеини | А – моносахариди | 1 – |
| 2. липиди | Б – аминокиселини | 2 – |
| 3. јагленохидрати | В – глицерол и масни кисели | 3 – |

**37.** Хромозомските мутации претставуваат промени во:

**38.** Именувај го  авторот на коацерватната теорија: ______________ според кој првите живи организми  настанале во  праокеанот од органски материи наречени ____________.

**39.** Вирусите кои ги инфицираат бактериите и во нив се  размножуваат се наречени:

**40.** Терморегулацијата кај хомеотермните оргнизми се остварува преку механизмите на:

**41.** Во празните простори напиши ја точната концентрација на растворот во кој се наоѓа растителната клетка, на процесот што се случува во клетката и во која состојба се наоѓа истата:




**42.** Поврзи го соодветниот тип на органела со соодветната функција:

| **Клеточна органела** | **Функции** | **Број и буква** |
|---|---|---|
| 1. ER | А – синтеза на протеини | 1 - |
| 2. хлоропласти | Б – фотосинтеза | 2 - |
| 3. рибозоми | В – синтеза и транспорт на органски молекули | 3 - |

**43.** Кој е најсложен и највисок степен на еколошка интеграција?

**44.** Што е по хемиски состав клеточната мембрана (од каква структура е)?

**45.** Поврзи ги хормоните со нивната функција во организмот**:**

| **Хормони** | **Улога во регулацијата** | **Број / Буква** |
|---|---|---|
| 1. FSH | А – спречување на стрес | 1 – |
| 2. алдостерон | Б – дополнителна реапсорпција на вода | 2 – |
| 3. тироидни хормони | В – регулација на екстрацелуларен Na+ | 3 – |
| 4. кортизол | Г – интензитет на катаболитич процеси | 4 – |
| 5. антидиуретичен хормон | Д – стимулира оогенеза | 5 – |

**46.** Во која фазата од делбата на клетката се врши репликација на ДНА?

**47.** Збир на гени во една соматска клетка со сите карактеристики на наследниот материјал се вика:

**48.** Поврзи ги поимите со нивното значење:

| **Граница на дејство** | **Значење** | **Број / Буква** |
|---|---|---|
| 1. еколошка валенца | А – сите еколошки валенци на видот | 1 - |
| 2. кардинални точки | Б – граница на дејство на еден еколошки фактор | 2 - |
| 3. еколошки спектар на видот | В – границата на минималните и максималните вредности | 3 - |

**49.** Белковинската материја наречена ______ на коскеното ткиво му дава ________, а минералните соли му даваат __________ .

**50.** Кои органски материи ги добил Фокс во својот експеримент?

**51.** Која клеточна органела е претставена на цртежот?




**52.** Напиши го кариотипот на Клинефелтеровиот синдром: ________.

**53.** Специјацијата која настанува под влијание на географските изолациони фактори е наречена:

**54.** Единките кои го имаат само А антигенот на мембраната на еритроцитите, а нивниот крвен серум содржи IgM антитела, која крвна група ја имаат и против кој антиген дејствуваат (т.е. се борат)?

**55.** Поврзи ја еколошката категорија со соодветната карактеристика:

| **Еколошка категорија** | **Карактеристики** | **Број и буква** |
|---|---|---|
| 1. популација | А – животен простор каде живеат организмите | 1 - |
| 2. биоценоза | Б – група единки од ист вид кои населуваат ист простор | 2 - |
| 3. биотоп | В – заедница меѓу неживата средина и живите организми | 3 - |
| 4. екосистем | Г – популација од разни видови поврзани со разни односи | 4 - |

**56.** Поврзи ги поимите со значењето.

| **Поим** | **Значење** | |
|---|---|---|
| 1. вазодилатација | А. Зголемен крвен притисок | 1 - |
| 2. вазаконстрикција | Б. Контрола на протокот на крвта во локалните ткива и органи | 2 - |
| 3. авторегулација | В. Стегање на ѕидот на крвните садови | 3 – |
| 4. хипертензија | Г. Ширење на ѕидот на крвните садови | 4 - |

**57.** Поврзи го трофичкото ниво со еколошкиот тип исхрана и организмите:

| **Трофички нивоа:** | **Тип на исхрана:** | |
|---|---|---|
| 1. продуценти | А. Сештојади | 1 – |
| 2. консументи | Б. Автотрофи | 2 – |
| 3. хербивори | В. Хетеротрофи | 3 – |
| 4. Омнивори | Г. Тревојади | 4 - |

**58.** Ефектот на стаклена градина предизвикува _______________ и како последица на тоа можно е топење на_______со што би се покачило нивото на вода во окените.

**59.** Наброј кои мутации се сврзани со полот:

**60.** Степенот на изразеност на генските алели во фенотипот на индивидуите на една популација се нарекува:

**61.** Поврзи го името на човековиот предок со неговото значење:

| **Име на човековиот предок** | **Значење** | **Број и буква** |
|---|---|---|
| 1. Australopitecus | А – исправен човек | 1 - |
| 2. Homo errectus | Б – свесен човек | 2 – |
| 3. Homo sapiens fossilis | В – јужен мајмун | 3 – |
| 4. Homo sapiens | Г – фосилен човек | 4 - |

**62.** Во човечките мускулни клетки млечна киселина се формира кога нема доволно:

**63.** Кои хормони се излачуваат од панкреасот?

**64.** Вакцините против разни видови заболувања всушност се:

**65.** Кои рефлексни реакции ако не се повторуваат во текот на животот може да се изгубат?

**66.** Кои се двете форми на природна селекција?

**67.** Во која подфаза на фотосинтезата се ослободува кислород?

**68.** Кои мускулни протеини овозможуваат контракција и релаксација?

**69.** Определи го движењето на крвта во големиот крвоток, почнувајќи од најниската кон највисоката вредност на CO2 присутна во крвните садови:

а) Аорта - артерии - капилари - вени - горна и долна шуплива вена

б) Горна и долна шуплива вена - вени - капилари - артерија - аорта

в) Капилари - аорта - артерии - белодробни вени - артерија

г) Аорта - вени - капилари - артерии - горна и долна шуплива вена

**70.** Редоследно напиши ги и опиши ги елементите и патот на една рефлексна дразба, нервен импулс, низ сите делови на рефлексниот лак:

Контракција на ефектор(скелетен мускул)

Синапса во рбетниот мозок, меѓу сензитивниот и моторен нерв

Рецептори ( за допир во мускулите), кои ја примаат дразбата

Сензитивните(аферентни) нерви, низ кои се спроведува нервниот импулс до рбетниот мозок

Моторни (еферентни) нерви, низ кои се спроведува нервниот импулс до ефекторот



**71.** Како се наречени материите кои овозможуваат спроведување на нервниот импулс, а се ослободуваат во синаптичката пукнатина?

**72.** Работата на срцето или срцева револуција се одвива во три фази. Наброј ги:

**73.** Со која делба на клетката се добива хаплоиден број на хромозоми?

**74.** Како се вика реакцијата во која се формираат големи агрегати, преку слепување на антитела со антиген:

**75.** Интерфазниот период од клеточниот циклус опфаќа неколку потпериоди. Тие се:

**76.** Во кој дел од нефронот се создава примарната урина?

**77.** Карактеристика на прокариотската клетка е:

**78.** Наборите што ги формира внатрешната мембрана во хлоропластите се нарекуваат ________а внатрешноста во која тие се наоѓаат____________.

**79.** Притисокот кој од внатре го врши цитоплазмата врз клеточната мемебрана е познат како: ___________________.

**80.** При вдишување меѓуребрените мускули се: __________.

**81.** Поврзи го соодветниот тип биотички фактори (односи) со неговите карактеристики:

| Тип односи | Карактеристики | Број / Буква |
|---|---|---|
| 1 – предаторство | А – два организми имаат корист од заедницата | 1 – |
| 2 – паразитизам | Б – еден организам се исхранува на сметка на другиот | 2 – |
| 3 – симбиоза | В – еден организам ја добива храната с друг кој е плен | 3 – |

**82.** Што е точно, а што е неточно?

| | |
|---|---|
| 1 – Има три вида на пластиди: хромо, хлоро и леукопласти | |
| 2 – Секој синџир на исхрана почнува со тревојади | |
| 3 – Плодовите се вегетативни органи на растенијата | |
| 4 – Тилакоидната грана е заштитена со тилакоидна мембрана | |
| 5 – При бесполово размножување, добиената единка е клон на родителот | |

**83.** Со пиноцитоза во клетките се внесуваат:

**84.** Кое ткиво има заштитна, трофичка, транспортна и респираторна улога?

**85.** Поврзи ги карактеристиките што се соодветни на типот на хромозоми:

| Карактеристики | Тип на хромозоми | Број / Буква |
|---|---|---|
| 1. центромерот е во средина и двата крака се исти по должина | А – телоцентричен | 1 – |
| 2. центромерот е терминално и хромозомот има само еден крак | Б – акроцентричен | 2 – |
| 3 – центромерот е поблиску до терминалниоит крај и едниот крај е многу подолг од другиот | В – метацентричен | 3 - |

**86.** Наброј два хормони кои се излачуваат од аденохипофизата?

**87.** Бројот на хромозомите во гаметите изнесува ___ и се нарекува _______.

**88.** Која врска се прекинува со кинењето на лигамент?

**89.** Дразбите од надворешната средина организмот ги прима преку приемници познати како:

**90.** Поврзи ја генетската мутација со симптомите на болеста:

| **Генетска мутација** | **Болест – симптоми** | **Број / Буква** |
|---|---|---|
| 1. хемофилија | А – нема пигментација | 1 – |
| 2. албинизам | Б – не разликува бои | 2 – |
| 3. далтонизам | В – нема коагулација во крвта | 3 – |

**91.** Кој го започнува нервниот импулс и како се спроведува тој до крајните делови на срцето? Кратко објасни за секој нервен јазол.

**92.** Како се нарекуваат наследните промени на генотипот:

**93.** Ако нормалниот редослед на гените во хромозомот е ABCDEFG и тој се измени во ABGFEDC,за кој тип на хромозомска аберација станува збор?

**94.** Регулацијата на виталните (неволеви) функции во организмот ја врши:

**95.** Во коагулација на крвта се вклучуваат серотонинот и тромбокиназата, кои се составен дел на:

**96.** Именувај го процесот карактеристичен за DNA, според дадената фотографија:




**97.** Што разликуваме морфолошки на една долга коска?

**98.** Нервниот систем врши регулација и координација на функциите преку пет нивоа. Редоследно опиши ги елементите и патот на дразбата (нервен стимул) и поврзи ги со следниве слики:

Информација (дразба)



1.



2.



3.



4.



5.

**99.** Стеснување на зеницата припаѓа на активноста на кој дел од вегетативниот нервен систем?

**100.** Поврзи го видот на анеуплоидија со кариотипот:

| **ТИП НА АНЕУПЛОДИЈА** | **КАРИОТИП** | **БРОЈ / БУКВА** |
|---|---|---|
| 1. трисомија | А – 45, X0 | 1 – |
| 2. двојна трисомија | Б – 47, XYY | 2 – |
| 3. моносомија | В – 48, XX, YY | 3 – |

**101.** Кои жлезди се означени на сликата:



**1. 2. 3.**

**102.** За каков вид на раствор во однос на концентрацијата станува збор? Што се случува со еритроцитите во соодветниот раствор?




**Раствор од NaCl 0.9% е ____________ раствор, еритроцитите се __________.**

**Раствор од NaCl >0.9% е ___________ раствор, еритроцитите се __________.**

**Раствор од NaCl <0.9% е ___________ раствор, еритроцитите се __________.**

**103.** Способноста на организмот да се прилагоди на условите во средината е познато како **:** _________________

Напиши го значењето на следниве видови адаптации:

а) индустриски меланизам -

б) Криптичка обоеност -

В) Апосемија -

г) Мимикрија -

**104.** Збирот на сите анатомски, морфолошки и физиолошки својства на еден организам претставува:

**105.** Органите кои постоеле кај предците, но со исчезнување на нивната функција делумно или целосно дегенерирале се наречени :

**106.** Која е најприфатлива хипотеза за настанокот на Земјата?

**107.** Внатрешноста на душникот и бронхиите е одложена со **______** чии клетки имаат **___________.**

**108.** На празните места во шемата за сателитски хромозоми означи ги неговите делови:

| |
|---|
| 1 – |
| 2 – |
| 3 – |
| 4 – |
| 5 – |




**109.** Внеси да биде точно:

Животинска клетка

Растителна Клетка




**110.** Напиши го значењето на следниве видови биотички фактори:

А) Конкуренција –

Б) предаторство –

В) паразитизам –

Г) мутулиазам –

Д) симбиоза –

**111.** Одржување на гените во една популација во подолг временски период е:

**112.** Која е улогата на Естахиевата туба? Точно (Т), неточно (Н).

- Го регулира притисокот во средното уво
- Ги поврзува средното уво и голтката
- Го појачува звукот преку тапанчето
- Ги поврзува хранопроводот и средното уво
- Го регулира притисокот во внатрешното уво

**113.** Гломерулот заедно со Бовмановата капсула градат структура наречена:

**114.** Леукоцитите имаат способност да излегуваат од крвните садови. Ова движење се нарекува:

**115.** Условните рефлекси се:

**116.** Процесот на препишување на информации од DNA на RNA се нарекува:

**117.** Наследната информција за синтеза (создавање) на протеини во клетката е запишана во редоследот на нуклеотидите на DNA. Редоследно запиши ги и именувај ги процесите (фазите) на пренесување на информацијата од DNA RNA па се до синтеза на протеините.




**создавање на иницијален комплекс во рибозомите создаден од метионин (аминокиселина) iRNA и малата рибозомска субединица**

**почеток на биосинтеза транскрипција и влез на iRNA во рибозомот**

**крај на биосинтеза читање на стоп кодон**

**елонгација продолжување на пептидната низа и надавање на аминокиселини**

**118.** Нумеричките аберации се резултат на промени во:

**119.** Во нуклеотидите на нуклеинските киселини DNA и RNA која компонента се менува:

**120.** Одговори со Т или Н. Најмал материјален носител на наследувањето е генот.